Комисијата за статут и прописи на Советот на Општина Неготино врз основа на член 88 став 1 алинеја 5 од Статутот на Општина Неготино (“Службен гласник на Општина Неготино” број 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), на седницата одржана на ден 01.03.2013 година утврди пречистен текст на Статутот на Општина Неготино кој ги содржи Статутот на Општина Неготино (“Службен гласник на Општина Неготино” број 3/06), Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на општина Неготино(“Службен гласник на Општина Неготино” број 2/11), Одлуката за дополнувања на Статутот на општина Неготино(“Службен гласник на Општина Неготино” број 9/11) и Статутарната одлука за измена на Статутот на општина Неготино (“Службен гласник на Општина Неготино” број 16/12), со следниот текст

**Бр.07-124**
**01.03.2013 година**

**Комисија за статут и прописи**
**П р е т с е д а т е л,**
**Доне Ѓорѓиев**

# С Т А Т У Т
## НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## (Пречистен текст)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Општина Неготино (во понатамошниот текст: Општината ) е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на Општината.

**Член 2**

Граѓаните на Република Македонија, кои имаат постојано живеалиште на подрачјето на општината се жители на општината.

**Член 3**

Подрачјето на Општината е утврдено со Законот за територијална организација на локалната самоуправа.

**Член 4**

Општината како единица на локалната самоуправа е правно лице.

Седиштето на Општината е во Неготино, на ул.,,Ацо Аџи-Илов,,бр.2.

**Член 5**

Општината има право на сопственост на ствари, парични средства и права.

**Член 6**

Симболи на Општината се грбот и знамето.

Условите, начинот и постапката на востановување на симболи се прави со посебен акт на Советот на општината.

**Член 7**

Општината може да востанови свечена песна која ќе се изведува на празникот на Општината и на други манифестации на кои се претставува Општината.

**Член 8**

Општината има печат и штембил.

Печатот е со тркалезна форма со пречник од 30 мм, во чија средина се наоѓа грбот на Општината, а по работ е испишано ,,Република Македонија-Општина Неготино“.

Штембилот има форма на правоаголник со големина 60x30 мм, во кој хоризонтално е испишан називот и седиштето на Општината, а помеѓу називот и седиштето се остава празен простор за впишување на бројот на актот и датум на неговото издавање.

**Член 9**

Празник на Општината е ,,8-Ноември“-ден на ослободувањето на Неготино, кога традиционално се одбележува историскиот идентитет, традицијата, културно-стопанскиот развој и општествениот подем на Неготино.

**Член 10**

Општината востановува општински признанија и награди.

Востановувањето, условите, начинот и постапката на доделување на признанија и награди со посебен акт го определува Советот на општината.

**Член 11**

Општината може, со одлука донесена од страна на Советот на Општината, да се здружува со здруженија, во согласност со закон, заради заштита и унапредување на заедничките интереси.

Член 12

Општината соработува со општините од Републиката, со единици на локалната самоуправа од други земји, со меѓународни

организации на локални заедници и може да членува во меѓународни организации за локална власт.

Општината може со други општини од Републиката да здружува средства и да формира заеднички служби, јавни претпријатија и јавни служби, заради остварување на заеднички интереси и вршење заеднички работи од нивна надллежност, врз основа на акт за здружување што го донесува Советот на Општината.

**Член 13**

Органите на Општината, комисиите на Советот и јавните служби основани од Општината се должни без надоместок да ги информираат граѓаните за својата работа, како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на Општината.

Општината е должна на граѓаните да им овозможи пристап кон основните информации за услугите што им ги обезбедува, на начин утврден со статутот.

а ) Информирање на граѓаните

**Член 14**

Граѓаните се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на Општината;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежностите на Општината;
- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка, а се од значење за развој на Општината;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;
- приходите кои се остваруваат во Општината и начинот на нивна распределба и трошење;
- јавни набавки;
- именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија и установи;
- други информации кои произлегуваат од надлежностите на органите на Општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

**Член 15**

Информирањето на граѓаните се врши редовно, без надоместок, преку :

- издавање на Службен гласник на Општината;
- издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билети;
- објавување на публикации;

- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од Општината;
- огласни табли (во просториите на Општината, јавните претпријатија и установи, месната самоуправа);
- веб-сајт;
- јавни трибини ;
- средства за јавно информирање и
- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

**Член 16**

Информирањето на граѓаните се врши на службените јазици кои се користат во Општината.

Советот на Општината со посебна одлука може да утврди за одредени информации да се информира и на јазикот кој не е службен јазик на општината, а го зборуваат дел од жителите на Општината.

б ) Слободен пристап до информациите од јавен карактер

**Член 17**

Во општината се обезбедува правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на општината (советот и градоначалникот), јавните претпријатија и установи основани од општината и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања доверени од општината (во понатамошниот текст: иматели на информации).

По исклучок, во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

**Член 18**

За информации со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која ја објавува на начин кој е достапен за барателите на информации .

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните се известуваат преку огласни табли или друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно на секои три месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на Општината ја предлага градоначалникот, а ја утврдува Советот.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од Општината ја утврдува управниот одбор на предлог на директорот.

**Член 19**

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на Општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага советот на Општината и администрацијата.

Директорот на јавното претпријатие и јавната установа основана од Општината, создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат согласно статутот на претпријатието и установата.

**Член 20**

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации имат сите правни и физички лица(во натамошниот текст: барател на информацијата).

Слободниот пристап до информации се остварува во законски утврдениот рок :

- со увид во документите со кои располага имателот на информацијата;
- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

**Член 21**

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци, утврдени на начин уреден со закон.

Барателот на информацијата при поднесување на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

**Член 22**

Барателот на информацијата има право на жалба до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер доколку имателот на информацијата не ја достави бараната информација.

**Член 23**

Советот на Општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година во општината.

Годишниот извештај за остварување на слободен пристап до информации го предлага Градоначалникот на општината и го доставува до Советот, најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира Општината.

Извештајот од став 1, по усвојувањето се доставува до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до имформациите од јавен карактер.

## II . НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

**Член 24**

Општината самостојно, во рамките на законите и овој статут ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење , утврдени со Законот за локална самоуправа или другите закони и е одговорна за нивното вршење.

**Член 25**

Општината е надллежна за вршење на следните работи :

1. Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;
2. Заштита на животната средина и природата – мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата заштита од бучава и нејонизирачко зрачење, формира или учествува во постоечки фондови за заштита на животната средина и природа;
3. Локален економски развој– планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојни и структурни приоритети; водење на локална економска политика, особено преку изнаоѓање на можности за нудење стимулативни мерки во функција на привлекување на инвестиции; подршка на развојот на мали и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерството, поттикнување и развој на селски, еколошки и еко туризам;
4. Комунални дејности – снабдување со вода за пиење; испорака на технолошка вода; одведување и пречистување на отпадни води; јавно осветлување; одведување и третман на атмосферски води; одржување на јавна чистота; собирање , транспортирање и

постапување со комунален цврст технолошки отпад; уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници; снабдување со природен гас и топлинска енергија; одржување на гробиштата и давање погребални услуги; изградба, одржување, реконструкција и заштита на локални патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградба и одржување на улична сообраќајна сигнализација; изградба и одржување на јавниот простор за паркирање; отстранување на хаварисани возила од јавните површини; изградба и одржување на пазарите; чистење на оџаци; одржување и користење на речни корита во урбанизираните делови; определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.

5. Култура, во смисла на: институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти; негување на фолклорот, обичаите, старите занаети; грижа, негување и заштита на културното наследство и културните вредноси; грижа и одржување на историските и културните споменици и спомен – обележја; организирање на културни манифестации; поттикнување на разновидни специфични форми на творештво; формира или учествува во постоечки фондови за поддршка и развој на културата;

6. Спорт и рекреација, во смисла на: стимулирање и развој на масовен спорт и рекреативни активности; организирање на спортски приредби и манифестации; одржување и изградба на објекти за спорт; подршка на спортски сојузи, формира или учествува во постоечки фондови за подршка и развој на спортот и рекреацијата;

7. Социјална заштита и заштита на децата, во смисла на : детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување ); остварување на социјална грижа за инвалидните лица, деца без родители и родителска грижа, деца со воспитно – социјални проблеми, деца со посебни потреби ,деца од еднородителски семејства, деца на улица, лица изложени на социјален ризик, лица засегнати со злоупотреба на дрога и алхохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на правото и воспитување на деца од предучилишна возраст; формира или учествува во постоечки фондови за социјална заштита;

8. Образование, во смисла на : основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт во согласност со закон; организирање на превоз и исхрана на учениците и нивно сместување во ученичките домови; формира или учествува во постоечки фондови за подршка и развој на образованието;

9. Здравствена заштита, во смисла на: управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна

сопственост; здравствено воспитување; унапредување на здравството; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациентите со специјални потреби (на пр.,ментално здравје, злоупотреба на деца, итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон; формира или учествува во постоечките фондови за подршка и развој на здравствени установи;

10. Спроведување подготовки и превземање за заштита и спасување на граѓаните и материјални добра од воени разузнувања, природни непогоди и други несреќи и од последици предизвикани од нив;

11. Противпожарна заштита што ја врши територјалната противпожарна единица;

12. Надзор над вршењето на работите од надлежност на општината;

13. Врши избор, именување и разрешувања определени со закон;

14. Ги утврдува височините на стапките на локалните даноци и такси во рамките на законот, врши задолжување на обврзниците со даноци и комунални такси и наплата на овие јавни давачки;

15. Други работи определени со закон.

**Член 26**

Работите од членот 24 на овој Статут, се уредуваат и извршуваат со прописи донесени од Советот на Општината, во согласност со постапките и стандардите утврдени со закон.

**Член 27**

Општината, во согласност со начелото на супсидијарност, врши работи од јавен интерес од локално значење кои не се исклучени од нејзината надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Со одлука на Советот на општината се уредува начинот и постапката за вршење на тие работи.

**Член 28**

Општината, во согласност со закон, врши работи делегирани од органите на државната управа за што се пренесуваат средства од Буџетот на Република Македонија.

**Член 29**

Заради извршување на своите надлежности, Општината може да основа јавни служби, во согласност со закон.

Општината може да го делегира вршењето на одредени работи од јавен интерес од локално значење на други правни и физички лица, врз основа на договор за извршување на работи од јавен интерес, во согласност со закон.

## III . ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ОПШТИНАТА

а ) Граѓанска иницијатива

**Член 30**

Граѓанската иницијатива е облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето преку покренување иницијативи пред Советот на Општината за одделни прашања од надлежност на Општината.

Граѓаните имаат право да му предложат на Советот да донесе одреден пропис или да реши одредени прашања од своја надлежност, како и да покренат иницијатива за распишување на референдум на локално ниво.

Граѓанската иницијатива не може да се покрене за финансиски и кадровски прашања.

**Член 31**

Граѓанската иницијатива се покренува пред Советот на Општината, а се спроведува преку давање потписи на граѓани.

Граѓанската иницијатива се покренува на предлог на најмалку 10% од избирачите запишани во избирачкиот список за општината.

Предлог за покренување на граѓанска иницијатива се поднесува до претседателот на Советот од страна на овластен предлагач.

За овластен предлагач се смета првиот потписник на предлогот за покренување на граѓанска иницијатива.

**Член 32**

Претседателот на Советот во рок од 3 (три) дена од добивањето на предлогот за граѓанска иницијатива, ќе испита дали предлогот е поднесен од овластен предлагач и дали се однесува на прашања за кои е надлежен да одлучува Советот.

Кога претседателот на Советот ќе утврди дека иницијативата е уредна, во рок од 3 (три) дена за тоа ќе го извести овластениот предлагач.

Доколку претседателот на Советот утврди дека иницијативата е неуредна, прашањето од иницијативата ќе го стави на дневен ред на првата наредна седница на Советот, но не подоцна од 15 (петнаесет) дена од денот на утрврдувањето на неуредноста на иницијативата.

Советот со заклучок утврдува дали иницијативата е уредна, а претседателот на Советот го известува овластениот предлагач за заклучокот во рок од 3(три) дена од денот на неговото донесување.

**Член 33**

Овластениот предлагач е должен граѓанската иницијатива за која е поднесен предлогот да ја спроведе во рок од 30(триесет) дена од денот на добивањето на известувањето за нејзината уредност.

Ако во рокот од став 1 не се спроведе граѓанска иницијатива, ќе се смета дека иницијативата не е покрената.

**Член 34**

Граѓаните ја изразуваат својата подршка за граѓанска иницијатива преку давање потписи пред органите на државната управа, надлежна за евиденција на изборачкото право на начин и постапка утврдени со закон.

**Член 35**

Граѓанската иницијатива на локално ниво се смета за покрената ако најмалку 10 % од граѓаните запишани во изводот од избирачкиот список на Општината, месната самоуправа или населено место, со свои потписи ја подржале иницијативата.

**Член 36**

Советот е должен да одлучува по граѓанската иницијатива во рок од 60 (шеесет) дена по приемот на предлогот за граѓанска иницијатива.

Советот за одлуката по предлогот ги информира граѓаните преку средствата за јавно информирање, како и на друг соодветен начин предвиден во член 14 од овој Статут.

б ) Собир на граѓани

**Член 37**

Собирот на граѓаните се свикува заради изјаснување на граѓаните за одделни прашања од значење за месната самоуправа и заради покренување на иницијативи за решавање на прашања од локално значење.

На собирот на граѓани, граѓаните разгледуваат прашања, завземаат ставови и изготвуваат предлози за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на граѓаните од подрачјето на Општината, односно месната самоуправа.

**Член 38**

Собир на граѓаните може да се свика за подрачјето на целата општина, за подрачје на месна самоуправа или за подрачје на дел од месна самоуправа што претставува одредена урбана целина.

Собир на граѓани свикува Градоначалникот на Општината по сопствена иницијатива, на барање на советот на Општината или на барање од најмалку 10 % од граѓаните запишани во избирачкиот список за Општината, односно за месната самоуправа, односно за урбаната целина на која се однесува определеното прашање.

Барањето за свикување собир на граѓани со потписи на заинтересираните граѓани се поднесува до Градоначалникот.

Градоначалникот е должен во рок од 30(триесет) дена од поднесувањето на барањето да свика собир на граѓани.

Доколку во рок од 10(десет) дена по истекот на рокот од став 4 на овој член градоначалникот не свика собир, граѓаните сами се свикуваат и организираат собир на граѓани.

Актот за свикување на собирот на граѓаните со објавува во локалните средства за информирање и се истакнува на јавни места на вообичаен начин.

Од денот на објавувањето, односно истакнувањето на актот за свикување на собирот на граѓаните до неговото одржување мора да изминат најмалку 5 (пет)дена.

**Член 39**

На собирот на граѓани во одлучувањето учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.

Со собирот на граѓаните раководи Градоначалникот или лице кое ќе го овласти Градоначалникот.

За прашања за кои се расправа на собирот на граѓани известува Градоначалникот, а по потреба и други овластени претставници на општинската администрација.

**Член 40**

Органите на Општината се должни во рок од 90(деведесет) дена да ги разгледаат заклучоците донесени на собирот на граѓани и да ги земат предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањето на кои се однесуваат и за своите решенија да ги информираат граѓаните преку средствата за јавно информирање и службеното гласило на Општината.

в ) Референдум

**Член 41**

Граѓаните преку референдум како облик на непосредно изјаснување можат да одлучуваат за прашањата од надлежност на Општината, како и за други прашања од локално значење.

Советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 20% од избирачите од општината.

Советот може да распише референдум за прашања од локално значење и од негова надлежност, по сопствена иницијатива.

Референдум на локално ниво не може да се распише за прашања што се однесуваат на буџетот и завршната сметка на буџетот на општината.

Барањето за распишување на референдум се доставува до Советот на Општината со потписи на заинтересираните избирачи дадени пред надлежниот орган кој води евиденција за избирачкото право на граѓаните на Општината.

**Член 42**

По барањето за распишување референдум, Советот на Општината во рок од 60 (шеесет) дена од денот на поднесувањето на барањето донесува одлука за распишување референдум.

Одлуката за распишување референдум содржи;

- органот што го распишува референдумот;
- територијата или подрачјето за кое се распишува референдумот;
- називот на прописот, односно прашањето или прашањата за кои граѓаните одлучуваат на референдум;
- образложение на прописот, односно прашањето или прашањата за кои се распишува референдумот;
- референдумско прашање или прашања, односно еден или повеќе предлози на предлози на прописи за кои граѓаните одлучуваат;
- денот на одржувањето на референдум и
- видот на референдумот.

**Член 43**

Одлуката за распишување на референдум се објавува во службеното гласило на општината и другите средства за информирање во општината.

Од денот на објавувањето на одлуката за распишувањето на референдум во службеното гласило на општината до денот на одржувањето на референдумот на локално ниво не може да поминат помалку од 25 (дваесет и пет) ниту повеќе од 40 (четириесет) дена.

**Член 44**

Право на гласање на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право и се запишани во избирачки список.

**Член 45**

Референдумот го спроведуваат:

- општинска комисија и
- избирачки одбори.

**Член 46**

Општинска изборна комисија:

- Се грижи за законито подготвување и спроведување на референдумот на локално ниво;
- Ги именува претседателот и членовите на избирачките одбори и нивните заменици;
- Ја усогласува работата и им дава упатства на избирачките одбори;
- Презема технички подготовки за спроведување на референдум на локално ниво;
- Ги пропишува обрасците за спроведување на референдум на локално ниво и ги објавува во службеното гласило на Општината;
- Ја утврдува формата, големината, бојата и сериските броеви на гласачките лифчиња;
- Ги предава и прима гласачките материјали на и од избирачките одбори;
- Определува единствени стандарди за гласачкиот материјал;
- Ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласањето и остварувањето на гласачкото право;
- Го определува начинот на чување и ракување со гласачкиот материјал;
- Го организира печатењето на гласачкиот материјал;
- Го утврдува надоместокот на органите за спроведување на референдум на локално ниво и поднесува извештај до Советот за спроведениот референдум на локално ниво;
- Го утврдува и објавува резултатот од референдумот на локално ниво во рок од 2 (два) дена од денот на неговото одржување;
- Одлучува по приговори и
- Врши и други работи утврдени со закон.

Работата на изборната комисија е јавна.

**Член 47**

За спроведување на гласањето на референдумот, општинската изборна комисија за секое гласачко место формира избирачки одбор.

Одборот е составен од претседател, два члена и нивни заменици.

Одборот ја спроведува правосилноста и тајноста на референдумот.

Избирачките одбори се формираат најдоцна 5 (пет) дена пред денот предвиден за одржување на референдум на локално ниво.

Избирачкиот одбор:

- непосредно раководи со гласањето на гласачкото место;
- обезбедува непосредност и тајност на гласањето;
- обезбедува слободно и мирно одржување на гласањето;
- ги сумира резултатите од гласањето на гласачките места;
- го предава гласачкиот материјал на општинската изборна комисија во рок од 3 (три) часа по завршувањето на гласањето и
- врши и други работи утврдени со закон.

**Член 48**

Гласањето на референдумот започнува во 7,00 часот и трае непрекинато до 19,00 часот.

На гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во избирачкиот список, гласањето може да заврши и пред истекот на времето определено за гласање.

**Член 49**

На гласачкото место се истакнува одлуката за распишување на референдумот, називот на прашањето или прашањата за кои граѓаните ќе одлучуваат на референдум.

Членовите на избирачкиот одбор се должни на граѓанинот што пристапил на гласање, по негово барање да му дадат објаснување за предметот на референдумот и за начинот на гласање.

**Член 50**

На референдумот секој граѓанин има право само на 1 (еден) глас.

Граѓанинот може да гласа само лично.

**Член 51**

На референдумот се гласа со гласачко ливче.

Содржината на гласачкото ливче ја пропишува општинската изборна комисија.

Прашањето на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и недвосмислено, така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со ,,ЗА“ или ,,ПРОТИВ“ предлогот.

**Член 52**

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот ,,ЗА“ или ,,ПРОТИВ“ од алтернативата за која гласа.

**Член 53**

По завршувањето на гласањето избирачкиот одбор за гласањето на референдумот составува записник кој го потпишуваат претседателот и членовите на избирачкиот одбор.

Записникот и целокупниот гласачки материјал, избирачкиот одбор во рок од 3 (три) часа по завршувањето на гласањето го доставува до општинската изборна комисија.

**Член 54**

По приемот на записниците и целокупниот гласачки материјал, општинската изборна комисија во рок од 24 (дваесет и четири) часа го утврдува и објавува резултатот од гласањето на референдумот и за тоа составува записник.

Одлуката на референдумот се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број граѓани кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во изводот од избирачкиот список за општината Неготино.

Општинската изборна комисија доставува извештај за резултатите од гласањето на референдумот до Советот на Општината во рок од 3 (три) дена од одржувањето на референдумот.

Општинската изборна комисија резултатот од гласањето на референдумот на локално ниво го објавува во службеното гласило на Општината.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за Советот.

Советот на општината е должен во рок од 60 (шеесет) дена по објавувањето на резултатите од референдумот да го уреди прашањето, по кое се одлучувало на референдумот.

**Член 55**

Прашањето, односно актот што граѓаните не го прифатиле на референдумот не може повторно да се изнесува на референдум пред истекот на 2 (две) години од денот на одржувањето на референдумот.

г ) Претставки и предлози

**Член 56**

Граѓаните имаат право, поединечно или заеднички да доставуваат претставки и предлози за работата на органите на општината и општинската администрација.

**Член 57**

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник, поединечно или групно, до Градоначалникот.

Градоначалникот е должен да создаде услови во Општината за доставување на претставки и предлози.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

**Член 58**

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесување претставка, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

**Член 59**

Постапувањето по претставките и предлозите опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на претставката, како и преземање на потребни мерки за отстранување на повредата на правото на подносителот или повреда на јавните интереси.

**Член 60**

Градоначалникот на општината и должен најдоцна во рок од 60 (шеесет) дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави образложен одговор.

Ако претставката или предлогот не се однесуваат на работата од надлежноста на органите на Општината, Градоначалникот ги доставува до соодветниот надлежен орган и за тоа го известува подносителот.

Д) Јавни трибини, анкети, предлози на граѓаните и форуми на заедницата

**Член 61**

При изготвување на прописи на Општината, Советот односно Градоначалникот може претходно да организира јавна трибина, да спроведе анкети или да побара предлози од граѓаните.

Јавна трибина се организира кога се донесуваат прописи за прашања од локалниот економски развој, комунални потреби (водоснабдување, одржување на локални патишта и улици) и други прашања од локално значење.

Анкетата се спроведува при донесување на урбанистички планови и други прашања од локално значење.

Прибирање предлози од граѓаните за решавање на прашања од локално значење ќе се врши преку објавување на соопштение со кое ќе се повикаат граѓаните да даваат свои предлози.

Градоначалникот и Советот на општината по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во општината, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата. Организирањето на форумите може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на општината. Иницијативата се поднесува до

градоначалникот на општината, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на општината, одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена. Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува советот на општината, по предлог на градоначалникот.

Постапката, начинот и времето на преземање на една од наведените активности од ставот 1 на овој член, ќе се уреди со одлука или правилник донесена од органот кој ја организирал.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

**Член 62**

Органи на Општината се: Советот и Градоначалникот.

1.Совет на Општината

**Член 63**

Советот на општината е претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките на надлежностите на Општината.

Советот на Општината го сочинуваат претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Бројот на членовите на Советот се утврдува согласно одредбите на Законот за локална самоуправа.

Членовите на Советот се избираат за време од 4 (четири) години.

Членот на Советот одлучува по свое уверување.

Членот на Советот не може да биде отповикан.

**Член 64**

Првата седница на новоизбраниот совет ја свикува претседателот на советот од претходниот состав најдоцна 20 (дваесет) дена од денот на завршувањето на изборите.

Ако Советот не се свика во рок од ставот 1 на овој член, членовите на советот сами се состануваат и под претседавање на најстариот член на Советот го конституираат Советот во рок од 10 (десет) дена по истекот на рокот од ставот 1 на овој член.

Ако седницата не се одржи во рок од ставот 2 на овој член ќе се распишат нови избори за членовите на Советот, на начин утврден со закон.

**Член 65**

Членовите на Советот, на конститутивната седница, даваат и потпишуваат свечена изјава, која гласи:

,,Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе го почитувам Уставот, законите, прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија“.

**Член 66**

Членовите на Советот имаат право и должност да присуствуваат и да учествуваат во работата и процесот на одлучување на Советот и на неговите постојани и повремени комисии.

Членовите имаат право на седница на Советот да даваат иницијативи и предлози и да поставуваат прашања на градоначалникот.

Членот на Советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Советот.

Работодавецот е должен да го ослободи од професионалната работа членот на Советот заради присуство на седниците на Советот или на комисиите во кои е член.

Членовите на Советот имаат и други права и должности утврдени со Статутот и другите прописи.

**Член 67**

Членот на Советот не може да учествува во процесот на одлучување за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, дете или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес.

Членот на Советот е должен да го информира советот за прашања за кои тој има финансиски или друг личен интерес.

За исполнетоста на условите од став 1 на овој член одлучува Советот.

Членот на Советот не може да биде вработен во општинската администрација на Општината во која е избран.

Со денот на вработувањето согласно со став 3 (три) на овој член ќе се смета дека членот на Советот поднел оставка.

Членот на Советот, вработен во јавните служби кои ги основала Општината не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања што се однесуваат на јавната служба во која е вработен.

**Член 68**

Членовите на Советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци и на други трошоци направени при извршување на задачи што им ги доверил Советот, во рамките утврдени со закон.

Надоместокот се утврдува со акт на Советот на Општината.

**Член 69**

За остварување на правата и должностите на членовите на Советот, а со цел задоволување на интересите на граѓаните, Општината се грижи за обезбедување на просторни и други административно-технички услови.

**Член 70**

На членот на Советот му престанува мандатот пред истекот на врамето за кое е избран:

- ако поднесе оставка;
- во случај на смрт;
- ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над 6 (шест) месеци;
- ако настапи случај на неспојливост со функцијата член на советот согласно со изборниот законик;
- ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност ; и
- ако престане да биде жител на Општината;

Советот, на првата наредна седница ќе ја констатира причината и денот на престанување на мандатот на членот на советот и тоа:

- во случаите од ставот 1 алинеја 1, од денот на одржувањето на седницата и
- во случаите од ставот 1 алинеи 2, 3, 4, 5 и 6 со денот на исполнување на условот.

**Член 71**

На членот на Советот може да му биде одземен мандатот ако неоправдано отсуствува од 3 (три) седници на советот по ред.

За оправданоста на отсуството од ставот 1 на овој член одлучува Советот со мнозинството гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 72**

Советот на Општината избира претседател од редот на членовите на Советот, со мандат од 4 (четири) години.

**Член 73**

За претседател на Советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Доколку во првиот круг никој од кандидатите за претседател не добил потребен број на гласови, се пристапува кон втор круг на гласање за двајцата кандидати коишто во првиот круг добиле најголем број гласови.

За претседател е избран членот на Советот којшто во вториот круг на гласање добил повеќе гласови.

До изборот на претседател, Советот го свикува и со него раководи најстариот член на Советот.

**Член 74**

Претседателот на Советот :

1. Ги свикува и раководи со седниците на Советот на Општината;
2. Се грижи за организацијата и работата на Советот;
3. Ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од 3 (три) дена од денот на нивното донесување ги доставува на градоначалникот заради објавување.

**Член 75**

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се јавни.

Присуството на јавноста на седниците на Совет може да биде исклучено ако за тоа постојат оправдани причини, а особено кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната, заради чување на деловна, службена или друга тајна или ако тоа го бараат причините од морална пророда.

За исклучување на јавноста одлучува Советот со 2/3 (две третинско) мнозинство од вкупниот број на членови на советот.

На расправата за буџетот на Општината, годишна сметка на буџетот и за урбанистички планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.

Начинот и условите за јавност во работата на Советот се уредуваат со посебен правилник.

**Член 76**

Седниците на советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш на 3 (три) месеци.

Седниците ги свикува претседателот на Советот на своја иницијатива, на барање на Градоначалникот или на барање на најмалку 1/4 (една четвртина ) од членовите на Советот најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на неговото поднесување.

Доколку во рокот определен во ставот 2 на овој член, претседателот на Советот не ја свика седницата на Советот, членовите на Советот сами се состануваат и избираат претседател за таа седница.

Денот, часот и местото на одржување на седниците на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, задолжително се доставуваат до членовите на Советот и објавуваат преку средства за јавно информирање и на огласна табла на Општината, најмалку 5 (пет) дена пред денот на одржувањето на седницата.

**Член 77**

Вонредна седница на Советот свикува претседателот на Советот, по сопствена иницијатива или на барање на најмалку 1/3 (една третина) од членовите на Советот, за прашања од итна природа кога на може да се свика редовна седница.

Вонредната седница се свикува најдоцна во рок од 3 (три) дена од денот на поднесувањето на иницијативата.

Во известувањето за свикување на вонредна седница се наведува времето, местото на одржување и дневниот ред на седницата.

Советот не може да го менува дневниот ред за вонредна седница.

Пред започнување на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините за свикување на вонредна седница.

**Член 78**

Советот може да одлучи да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови на Советот.

Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, а најмалку со 1/3 (една третина) од вкупниот број членови на Советот, ако со закон и со Статутот не е предвидено поинаку.

На седницата на Советот по правило се гласа јавно.

За секоја седница на Советот се води записник.

**Член 79**

Советот на Општината ги врши следните работи:

1. Донесува статут на Општината;
2. Донесува деловник за работа на Советот;
3. Донесува програма за работа на Советот;
4. Донесува буџет на Општината и годишна сметка на Општината;
5. Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината преку утврдување на висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите;
6. Донесува  годишна програма за изработување на генерален урбанистички план, деталнен урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место;
7. Донесува генерален урбанистичи план, детални урбанистички планови, урбанистички планови за село и урбанистички планови вон населено место ;
8. Донесува програма за уредување на градежно земјиште;
9. Одлучува за висината на надоместокот за урбанизација и надоместокот за комунално уредување;

10. Одлучува за критериумите, начинот и постапката за ослободување од надомест за комунално уредување;

11. Одлучува за уредување на односите во обласста на локалниот економски развој за стимулирање и привлекување на нови инвестиции, како и за потикнување на развојот на претприемништвото на локално ниво;

12. Донесува програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта, улици и локалните водоводи;

13. Донесува план за штедење на потрошувачката на вода;

14. Одлучува за определување на потрошувачката на вода за пиење, како просечна потрошувачка по член на семејно домаќинство;

15. Донесува развојни стратешки, плански, програмски документи за мерките и активностите за заштита на природата;

16. Донесува програма за намалување на загадувањето и подобрувањето на квалитетот на амбиенталниот воздух;

17. Донесува стратегија, програма и план за управување со отпадот и акти за нивно спроведување;

18. Одлучува за уредување на односите во врска со организирање и одржување на јавната чистота во градот;

19. Донесува програма за одржување на сообраќајната сигмализација,

20. Одлучува за условите и режимот на сообраќајот на локалните патишта и улици;

21. Одлучува за уредување на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на Општината;

22. Одлучува за вршење на авто-такси превоз на патници;

23. Донесува годишна акциона програма и план за заштита и спасување на граѓаните и материјални добра;

24. Определува имиња на улици, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општината;

25. Одлучува за уредување на односите за стимулирање на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните;

26. Донесува и други прописи од обласста на заштитата на животната средина и природата, локалниот економски развој, комуналните дејности, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на децата, образованието, здравствената заштита и противпожарната заштита во рамките на надлежноста определена со посебен закон или во согласност со националната програма;

27. Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација, врз основа на предлог на Градоначалникот;

28. Основа јавни служби во рамките на надлежноста на Општината и врши надзор над нивната работа;

29. Именува и разрешува членови во управните одбори на јавните служби кои ги основа Општината;

30. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби, кои ги основала Општината ;

31. Дава согласност на прописите донесени од јавните служби основани од општината, во согласност со закон;

32. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;

33. Ги усвојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала Општината;

34. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на Општината;

35. Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на буџетот на Општината, во согласност со закон;

36. Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во Општината, во согласност со закон;

37. Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавна безбедност на подрачјето на Општината;

38. Може да дава препорака на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;

39. Донесува одлука за одбележување и поставување на спомен–обележја на значајни настани и истакнати личности од локално значење,

40. Донесува програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје по претходно мислење од надрлежниот Завод за здравствена заштита;

41. Донесува одлука за определување на надоместокот за довивање на Б интегрирана еколошка дозвола;

42. Донесува одлука за висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност;

43 Донесува одлука за определување и продолжување на работното време за вршење на угостителската, трговската и занаетчиската дејност;

44. Донесува одлука за определување на локацијата за кампирање и привремено кампирање;

45. Донесува одлука за вршење на трговија на мало пред деловните простории;

46. Донесува одлука за определување на висината на надоместокот за користење на плоштадот и други простории во градот;

47. Избира и разрешува претседател на советот,

48. Формира постојани и повремени комисии и посебни работни тела.

49. Востановува општински признанија и награди;

50. Донесува и други одлуки за работа од своја надлежност во согласност со закон.

**Член 80**

За претресување на прашања од своја надлежност Советот формира комисии.

Комисиите на Советот се формираат како постојани и привремени.

Мандатот на постојаните комисии трае колку и мандатот на членовите на советот.

Составот и бројот на членовите на постојаните комисии ќе се определи со одлуката за нивно формирање.

Составот и времетраењето на мандатот на повремените комисии ќе се определи со одлука за нивно формирање.

**Член 81**

Постојани комисии на Советот се:

- Комисија за финансии и буџет;
- Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;
- Комисија за локален економски развој;
- Комисија за месна самоуправа;
- Комисија за статут и прописи;
- Комисија за јавни дејности;
- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
- Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија;
- Комисија за еднакви можности.
- Комисија за земјоделство
- Комисија за заштеда на енергија и воведување на обновливи извори на енергија

**Член 82**

Комисиите на Советот на Општината:

- расправаат за прашања од областа за која се формирани;
- даваат мислења и предлози до Советот;
- ги разгледуваат предлозите на градоначалникот, на членовите на советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани.

**Член 83**

Комисијата за финансии и буџет ги разгледува прашањата во врска со финансирањето на Општината, буџетот и годишната сметка на буџетот на Општината.

**Член 84**

Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина ги разгледува прашањата во врска со урбанизмот, уредувањето на градежното земјиште, комуналните дејности, сообраќајот, ја разгледува и проучува проблематиката сврзана со именувањето на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, како и нивното обележување, ги разгледува предлозите за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, заштита и унапредување на животната средина (заштита од загадување на воздухот и водата и спречување на штетна бучава) и други прашања и по нив му дава предлози на Советот.

**Член 85**

Комисијата за локален економски развој ги координира развојните активности на носителите на развојните цели на општината, координира соработка со бизнис секторот, дава подршка на развојот на мали и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво, го насочува равојот на комуналната инфраструктура во Општината, го поттикнува изготвувањето на програмската и планската документација за развојни проекти во Општината, соработува со надлежните органи, странски донатори и фондации заради реализација на проекти за локален економски развој.

**Член 86**

Комисијата за месна самоуправа го координира изборот на членови на советот на месната самоуправа, ја следи работата и функционирањето на облици на месна самоуправа и нивните органи, разгледува програми за работа на облици на месната самоуправа, покренува иницијатива за поведување на постапка за разрешување на органите на месната самоуправа во случај на нивна неактивност и други прашања поврзани со работата на облиците на месната самоуправа.

**Член 87**

Комисијата за јавни дејности ги разрешува прашањата поврзани со работата, начинот и квалитетот на извршување на јавните дејности од јавен интерес на јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија основани од Општината, како и прашања кои се однесуваат на културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на децата, образованието, здравствената заштита, јавната безбедност во сообраќајот, противпожарната заштита и ја следи работата на здруженијата на граѓани.

Член 88

Комисијата за статут и прописи:

- го утврдува предлогот на Статутот на Општината;
- ја следи примената на Статутот;
- ги разгледува иницијативите и предлозите за измена и дополнување на Статутот;
- го утврдува предлогот на Деловникот на Советот;
- изготвува пречистен текст на акти од надлежност на Советот, кога се извршени повеќе пати измени или измените се пообемни;
- ги разгледува предлозите на акти што ги донесува Советот на Општината;

**Член 89**

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања:

- разгледува и подготвува предлози кои се однесуваат на мандатно-имунитетни прашања;
- разгледува и подготвува предлози за избор и именувања и разрешувања од надлежност на Советот на Општината;
- дава предлог за висината на плати, надоместоци и други примања на избраните и именувани лица;
- дава предлог за висината на надоместокот на членовите на Советот за присуството на седници на Советот, надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на Советот, како и на трошоците направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот на Општината.

Претседателот и членовите на комисијата ги избира советот, по правило на својата прва седница.

**Член 90**

Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување награди и признанија му предлага на советот програма за одбележување празници и манифестации, ги разгледува доставените предлози за општински награди и признанија и ги предлага носителите на истите до Советот.

**Член 91**

Комисијата за еднакви можности, преку разни форми на делување, се грижи за обезбедување еднаквост на половите во различните сфери на економијата, социјалната заштита, законодавните органи, културата и други области.

Комисијата за еднакви можности ќе подготви своја програма за поорганизирано и планско делување за со различни начини , методи и средства да се заложи за рамноправно учество на половите во сите општествени нивоа, елиминирање на секаков облик на дискриминација на жената, поголема застапеност на жените во делот на одлучувањето и слично.

**Член 91-а**

Комисијата за земјоделство:
- ги следи состојбите во земјоделството и му предлага на Советот на општина Неготино можни решенија за истите;
- иницира одржување на заеднички средби со земјоделските производители заради разгледување на состојбите и проблемите во зземјоделството;
- посредува помеѓу земјоделските производители, откупувачите и преработуваќите во Општина Неготино ;
-врши и други работи од сферата на земјоделството.

**Член 91-б**

Комисијата за заштеда на енергија и воведување на обновливи извори на енергија:
- ги следи состојбите во полето на енергетиката;
- се грижи за заштеда на сите видови енергија;
- учествува при приемот на нафта и други горива во институциите кои се основани од општина Неготино ;
- врши други работи од сферата на енергетиката

**Член 92**

Претседателот и членовите на комисиите ги избира Советот на Општината на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Предлогот за избор содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на комисијата.

Политичките партии кои партиципираат во Советот на Општината ќе бидат пропорционално застапени во вкупниот број на членови на сите комисии.

**Член 93**

Начинот на работа на комисиите поблиску се утврдува со Деловникот за работа на Советот на Општината.

**Член 94**

Советот самоиницијативно се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број членови на Советот.

2. Градоначалник на Општината

**Член 95**

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со законот со кој се регулираат локалните избори, за период од 4 (четири) години.

**Член 96**

Градоначалникот во рамките на своите надлежности:

1. Ја претставува и застапува Општината;
2. Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот на Општината;
3. Ја конролира законитоста на прописите на Советот;
4. Ги објавува прописите на советот во службеното гласило на Општината;
5. Го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот;
6. Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на Општината;
7. Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на општината;
8. Го извршува буџетот на Општината;
9. Избира директори врз основа на јавен конкурс на јавните претпријатија, јавните установи и други јавни служби кои ги основала Општината;
10. Редовно го известува советот за извршување на своите надлежности во согласност со Статутот;
11. Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон;
12. Донесува правилник за систематизација на работите на општинската администрација;
13. Раководи со општинската администрација;
14. Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон;
15. Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, во согласност со закон и Статутот;
16. Издава одобрение за вршење угостителска дејност надвор од деловниот објект;
17. Донесува акт за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност од помал обем;
18. Донесува решение за вршење на трговска дејност од мал обем;
19. Донесува решение за издавање на Б интегрирана еколошка дозвола;

20. Врши и други работи утврдени со закон и со овој Статут.

**Член 97**

Градоначалникот е должен веднаш да го извести Министерството за локална самоуправа за настапувањето на условите за распуштање на Советот, определени со закон.

До изборот на нов совет, работите на Советот ги врши Градоначалникот на Општината.

При извршувањето на работите од ставот на овој член, Градоначалникот не може:

- да одлучува за прашања што се однесуваат на располагање на сопственоста на општината;
- да одлучува за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, деца или роднина до втор степен сродство има финансиски или друг личен интерес;
- да донесува прописи предвидени во член 77 од Статутот на Општина Неготино.

**Член 98**

Градоначалникот има право да присуствува и учествува во работата на седниците на советот.

**Член 99**

Градоначалникот со заклучок ги прогласува и ги објавува прописите на советот во ,,Службен гласник на општината Неготино“.

**Член 100**

Ако Градоначалникот смета дека прописот на Советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од 7(седум) дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.

Примерок од образложеното решение за необјавување се доставува до претседателот на Советот на Општината.

Советот е должен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на решението од став 1 на овој член, да го разгледа решението и да одлучи по него.

Ако Советот го потврди прописот или не расправа во рокот од став 3 на овој член, градоначалникот е должен да го објави прописот и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Македонија.

За иницијативата од став 4 на овој член, Градоначалникот е должен да го информира министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

**Член 101**

Градоначалникот е должен да поднесе извештај за извршувањето на одлуките донесени од страна на советот на секои 3 (три) месеци во текот на годината,

За извршување на своите надлежности градоначалникот го информира советот по потреба, а најмалку 2 (два) пати годишно.

**Член 102**

Градоначалникот управува со сопственоста на Општината како добар домаќин.

Во управувањето со сопственоста на Општината, Градоначалникот е должен да презема мерки и да го обезбедува користењето на сопственоста во согласност со закон.

**Член 103**

Новоизбраниот Градоначалник ја презема должноста од претходниот градоначалник во рок од 7 (седум) дена од денот на изборот.

**Член 104**

Градоначалникот ја врши професионално својата функција.

За време на вршењето на функцијата градоначалникот не може да врши друга професионална функција.

Градоначалникот не може да биде повикан на кривична одговорост или да биде притворен за искажано мислење во Советот.

**Член 105**

За време на спреченост или отсуство до 6 (шест) месеци, Градоначалникот определува кој од членовите на Советот ќе го заменува.

На членот на Советот му мирува функцијата член на советот за времето кога го заменува Градоначалникот.

Претседателот на советот не може да го заменува градоначалникот.

**Член 106**

Градоначалникот не може да биде именуван за член во надзорни, управни и контролни органи на трговски друштва и јавните служби основани од општината.

Градоначалникот не може да учествува во процесот на одличувања за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, деца или роднина до втор степен на сродство има финансиски или друг личен интерес.

Градоначалникот е должен да го информира Советот за таквиот интерес.

Во случаите од ставот 2 на овој член одлучува член на Советот избран на чин на кој се избира претседател на советот.

**Член 107**

На градоначалникот му престанува мандатот по сила на законот:

- ако поднесе оставка;
- во случај на смрт;
- ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над 6 (шест) месеци;
- ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност;
- ако настапи случај на неспојливост за вршење на функцијата согласно Изборниот законик;
- во случај на неоправдано отсуство подолго од 6 (шест) месеци;
- ако престане да биде жител на Општината.

За оправданоста на отсуството од ставот 1 алинеја 6 на овој член одлучува Светот, со 2/3 (двотретинско) мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Членот на Советот кој го заменува градоначалникот, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на настапувањето на еден од случаите од ставот 1 на овој член е должен за тоа да го извести Министерството за локална самоуправа.

Министерството за локална самоуправа во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на изестувањето ја известува Владата на Република Македонија, која во рок од 1 (еден) месец од денот на приемот на известувањето, констатира дека настапил еден од случаите од ставот 1 на овој член и истовремено иницира постапка за распишување на нови избори за градоначалник во согласно со закон.

## V. ПОСЕБНИ ТЕЛА НА ОПШТИНАТА

1. Совет за заштита на потрошувачите

**Член 108**

Во Општината се формира Совет за заштита на потрошувачите како постојано работно тело.

Советот за заштита на потрошувачите разгледува прашања и утврдува предлози кои се однесуваат на квалитетот на услугите на јавите служби во општините.

Советот донесува програма за заштита на потрошувачите и предлага мерки за нејзина реализација.

Советот за својата работа поднесува годишен извештај за реализираните активности.

**Член 109**

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 7 (седум) члена, и тоа; 1 (еден) од редот на членовите на советот на општината, 3 (три) члена од редот на правни лица-даватели на услуги и три члена од претставници на здруженија на граѓани и претставници на граѓаните како корисници на услугите.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите ги избира Советот на Општината, на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања,

Мандатот на членовите на Советот за заштита на потрошувачите трае 4 (четири) години.

**Член 110**

Советот за заштита на потрошувачите на Општината:

- ја следи и оценува постојната состојба во областа на заштитата на потрошувачите и за тоа редовно го информира советот на општината;
- дава мислење и предлози за користењето на јавните услуги на јавните претпријатија;
- ги разгледува жалбите на потрошувачите и се консултира со потрошувачите;
- дава мислења и предлози по прашања од областа на регулативата за заштита на потрошувачите;
- соработува со надлежните инспекциски органи во рамките на нивните надлежности;
- се грижи за унапредувањето на односот на вработените кај давателите на услуги кон корисниците на услуги;
- им дава информации на потрошувачите за нивните права и за појавите на пазарот;
- соработува со јавните служби и општинската администрација;
- организира јавни трибини и други форми на учество на граѓаните на кои ќе се расправа за унапредување на заштита на потрошувачите;
- врши и други работи во согласност со закон.

**Член 111**

Советот за заштита на потрошувачите работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Советот за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите може да работи ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број на членови на Советот за заштита на потрошувачите.

На седниците на Советот за заштита на потрошувачите можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот на

Општината и претседателот на Советот на Општината, без право на одлучување.

2) Партиципативно тело од областа на урбанизмот

**Член 112**

Во Општината се формира партиципативно тело од областа на урбанизмот, заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите и давање иницијативи и насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија за Општината.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот се состои од 7 (седум) членови.

**Член 113**

Одлука за формирање на партиципативно тело од областа на урбанизмот донесува Советот на Општината, на предлог на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Членовите на партиципативното тело од областа на урбанизмот се избираат:

- од редот на членовите на советот на општината;
- по предлог на облиците на месната самоуправа;
- по предлог на здруженија на граѓани;
- по предлог на здруженија на стручни лица од областа на урбанизмот; и
- од општинската администрација.

**Член 114**

Партиципативното тело од областа на урбанизмот од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на партиципативното тело, со јавно гласање.

**Член 115**

Пратиципативното тело од областа на урбанизмот работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на партиципативното тело од областа на урбанизмот.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот одлучува со мнозинство од вкупниот број членови.

На седниците можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот и претседателот на советот на општината, без право на одлучување.

**2. Комисија за унапредување на правата на пациентите во општината**

**Член 115-а**

Во општината се формира постојана Комисија за унапредување на правата на пациентите во општината со цел за унапредување на правата на пациентите.

Средствата за работа на членовите на оваа комисија ги обезбедува општината.

Општината е должна да определи на лесно достапно место и јасно да ја означи канцеларијата на оваа комисија со називот ,,Канцеларија за унапредување на правата на пациентите,,.

**Член 115-б**

Комисијата за унапредување на правата на пациентите во општината се состои од девет (9) члена и тоа: двајца претставници на пациентите – членови на здруженија на пациентите, двајца претставници на невладините организации што се занимаваат со човековите права и граѓанските иницијативи, двајца лекари од општината и тројца членови делегирани од Советот на општина Неготино.

Членовите на Комисијата за унапредување на правата на пациентите во општината ги избира Советот на општината, на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Членовите на Комисијата не смеат да бидат вработени во здравствените установи во кои се укажува здравствена заштита.

Мандатот на членовите на Комисијата е две години, со право на уште еден последователен избор.

**Член 115-в**

Комисијата за унапредување на правата на пациентите во општината ги врши следните работи:

- унапредување на правата на пациентите и нивната заштита;
- ја следи и проценува состојбата со заштитата на правата на пациентите;
- предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;

- соработува со надлежните органи;
- разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежните органи;
- бара стручна експертиза ако оцени дека тоа е неопходно за утврдување на состојбата;
- води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите;
- подготвува и дава годишен извештај за заштитата на правата на пациентите до Советот на општината;
- дава информации, промотивен и друг материјал за унапредување на правата на пациентите и
- врши и други работи пропишани со закон.

Комисијата донесува деловник за својата работа со кој поблиску ќе го уреди начинот на работата.

**Член 115-г**

Комисијата за унапредување на правата на пациентите во општината работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Комисијата за унапредување на правата на пациентите во општината.

Комисијата за унапредување на правата на пациентите во општината може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на оваа комисија.

На седниците на Комисијата за унапредување на правата на пациентите во општината можат да присуствуваат и учествуваат во нејзината работа, Градоначалникот и Претседателот на Советот на општината, без право на одлучување.

**Член 115-д**

Членовите на Комисијата за унапредување на правата на пациентите во општината при вршењето на работите од својата надлежност се должни да обезбедат тајност и заштита на податоците, согласно со закон.

4. **Совет за заштита и промовирање на историското и културно наследство и природните реткости во општина Неготино**

**Член 115-ѓ**

Во општината се формира Совет за заштита и промовирање на историското и културно наследство и природните реткости во општина Неготино.

Средствата за работа на членовите на овој совет ги обезбедува општината.

Советот за заштита и промовирање на историското и културно наследство и природните реткости во општина Неготино се состои од седум (7) члена и тоа: еден претставник од невладините организации што се занимаваат со заштита и промовирање на историското и културно наследство и природните реткости, еден претставник од вработените во општинската администрација, двајца претставници од редот настручните лица вработени во општинските јавни установи за заштита на историското и културно наследство и природните реткости и тројца членови делегирани од Советот на општина Неготино.

**Член 115-е**

Советот за заштита и промовирање на историското и културно наследство и природните реткости во општина Неготино:

- се грижи за заштитата и промовирањето на историското и културно наследство и природните реткости во општина Неготино;
- ја следи и проценува состојбата со заштитата и промовирањето на историското и културно наследство и природните реткости во општина Неготино;
- соработува со надлежните државни органи и институции како и со локалните јавни установи од оваа област;
- подготвува годишна програма за работа на Советот;
- подготвува и дава годишен извештај за заштитата и промовирањето на историското и културно наследство и природните реткости во општина Неготино до Советот на општината і
- разгледува проекти за заштита на културното наследство и природните реткости во општината.

**Член 115-ж**

Советот за заштита и промовирање на историското и културно наследство и природните реткости во општина Неготино работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на овој совет.

Советот за заштита и промовирање на историското и културно наследство и природните реткости во општина Неготино може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот.

На седниците на Советот за заштита и промовирање на историското и културно наследство и природните реткости во општина Неготино можат да присуствуваат и учествуваат во неговата работа, Градоначалникот и Претседателот на Советот на општината, без право на одлучување.

**5. Совет на млади**

**Член 115-з**

Во Општината се формира Совет на млади како советодавно тело на општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.

Млади се жители на Општината на возраст од 15 до 30 години живот.

Младите од став 1 на оваа одлука можат да бидат избирани за претседател и заменик претседател на Советот на млади на Општина Неготино, само ако се со место на живеење во општина Неготино.

**Член 115-ѕ**

Одлука за основање на Совет на млади донесува Советот на општината врз основа на позитивните законски прописи.

**Член 115-и**

Советот на млади во општината ги врши следните работи:

- расправа на седници на Советот на млади за прашања значајни за нивната работа;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината, а се од интерес за работата на младите;
- предлага на Советот на општината одлуки, програми и други акти од значење за младите од општината;
- му предлага на Советот на општината да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми;

- му дава мислење на Советот на општината за конкретните одлуки кои треба да ги донесе;
- соработува во изработката и го следи спроведувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на Општината;
- изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на програми за остранување на настанатите проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво;
- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младински прашања;
- информира и промовира за активностите на Советот на млади;
- ја потикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со младите од другите општини;
- по потреба повикува претставник на Советот на општината на своите седници ;
- врши и други работи од интерес на младите;

**Член 115-ј**

Советот на млади има пет членови.

Советот на Општината покренува постапка за избор на членови во Советот за млади со јавен повик.

Кандидатите за членови на Советот на млади ги предлагаат: здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

Врз основа на писмени предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината го избира и го разрешува Советот на млади.

Советот на млади од своите редови избира претседател и заменик, согласно Деловникот за работа на Советот на младите.

**Член 115-к**

Мандатот на членовите на Советот на младите трае четири години, заедно со мандатот на членовите на Советот на општина Неготино.

Советот на општината може да разреши член на Советот на млади и пред истекот на мандатот на лично барање, ако наполни 30 години живот, ако отсуствува од седниците на Советот на млади и ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

**Член 115-л**

Советот на млади одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Советот на млади.

Претседателот на советот е должен да свика вонредна седница на советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на Советот на млади.

Советот на млади ги донесува одлуките со мнозинство гласови под услов на седницата да присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на советот на младите.

Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловникот за работа на Советот на млади .

Советот на млади може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, за организирање форуми, трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

**Член 115-љ**

Советот на млади донесува програма за работа на Советот на млади и ја доставува до Советот на општината за секоја календарска година.

Програмата ги содржи следните активности:

- учество во креирањето и пратење на локалната програма за работа на младите;
- соработка со другите советодавни тела во Република Македонија и странство;
- консултирање со организацијата на младите за теми значајни за младите.
- соработка со телата во општината во политиката кон младите.

Програмата содржи и останати активности значајни за работата на Советот за млади и подобрување на положбата на младите.

Програмата за работа Советот на млади ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на Советот на младите.

Програмата се донесува најкасно до 30 ноември во тековната година, за наредната година.

## VI. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Член 116**

За извршување на работите од надлежност на органите на Општината се организира општинска администрација.

Општинската администрација се организира во сектори и одделенија.

Општината може да организира општински инспекторат заради вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност.

Организацијата, делокругот и начинот на извршувањето на задачите на општинската администрација ги утврдува Советот, врз основа на предлог од градоначалникот.

**Член 117**

Општинската администрација:

- ги подготвува актите за Советот и Градоначалникот;
- ги подготвува седниците на Советот како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- врши стручни работи за Советот и Градоначалникот;
- го води сметковотството на Општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежноста на Општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на Општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
- ракува со документите на Општината и ги чува се до нивното уништување односно предавање во Државниот архив на Република Македонија и
- врши и други работи што ќе ги определи Советот и Градоначалникот.

**Член 118**

Заедничките административни тела за извршување на одделни надлежности можат да се основаат или укинат врз основа на одлука донесена со мнозинство гласови од вкупниот број членови на секој од советите на општините.

Врз основа на одлуките од ставот 1 на овој член се склучува писмен договор во кој се утврдуваат: општините кои го основаат заедничкото административно тело; седиштето на заедничкото административно тело; видот, обемот и начинот на извршувањето на активностите; користењето на објектите и опремата; финансирањето; начинот на укинувањето и контролата на работењето на заедничкото административно тело.

Договорот од ставот 2 на овој член се објавува во ,,Службен весник на Република Македонија“.

## VII. АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

а) Прописи и други акти на Советот

**Член 119**

Во вршењето на работите од својата надлежност Советот донесува прописи, и тоа: статут, деловник за работа на Советот, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон.

Кога разгледува пооделни извештаи, информации и анализи, советот донесува заклучоци.

Советот донесува решенија за избори и именувања.

Советот дава мислење, препораки и утврдува насоки за извршување на прописите и другите акти што ги донесува советот на општината.

**Член 120**

Прописите се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот, доколку поинаку не е определено со закон.

**Член 121**

Прописите за чие извршување се потребни финансиски средства мораат да содржат и одредби со кои се утврдуваат изворите и висината на средствата за нивно извршување.

**Член 122**

Статутот е основен акт на Општината со кој се утврдуваат основните прашања во врска со надлежностите, организацијата на Општината и други прашања од значење за Општината.

Статутот на Општината се донесува во две фази и тоа: нацрт-статут и предлог-статут.

Статутот на Општината го донесува Советот на Општината со мозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на Општината.

**Член 123**

Со деловникот за работа на Советот се уредува начинот на работа на Советот и неговите комисии, постапките за донесување одлуки и одлучување на Општината и односите со другите органи.

Деловникот на Советот на Општината се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на советот на Општината.

**Член 124**

Со одлука на советот се уредува вршењето на работите од локално значење од надлежност на Општината.

**Член 125**

Прописите и другите акти на Советот се објавуваат во ,,Службен гласик на општина Неготино“ најдоцна во рок 7 (седум) дена од денот на нивното донесување.

Прописите и другите акти на Советот влегуваат во сила 8 (осум) дена од денот на објавувањето, а по исклучок што го утврдува Советот на Општината со денот на објавувањето.

За објавените прописи Општината води збирка, која е достапна во секое време на увид на граѓаните.

а ) Акти на градоначалникот

**Член 126**

Во рамките на својата надлежност Градоначалникот донесува правилници, решенија и упатства во согласност со закон.

За решавање на поединечни права, обврски и интереси на физичките и правните лица, Градоначалникот донесува решенија.

## VIII. СОПСТВЕНОСТ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНАТА

**Член 127**

Општината има право на сопственост на ствари, парични средства и права.

Општината ја евидентира својата сопственост и нејзината вредност се проценува и искажува при изготвувањето на годишната сметка.

**Член 128**

За купување, отуѓување и оптоварување на стварите во сопственост на Општината одлучува Советот на Општината.

Продавање на стварите во сопственост на Општината се врши само по пат на јавно наддавање, во согласност со закон.

Продажната цена на стварите од ставот 2 на овој член не смее да биде помала од нивната пазарна вредност.

Финансиските средства добиени од продажбата на стварите во сопственост на Општината може да се инвестираат само за стекнување на нови или реконструкција на постојните предмети во сопственост на Општината.

**Член 129**

Стварите во сопственост на Општината можат да се дадат на користење на други субјекти по пат на јавно наддавање, во согласност со закон.

**Член 130**

Имотот ( недвижните и движните ствари, парични сретства и права) на јавните служби (јавните претпријатија, јавните установи) основани од Општината се сопственост на Општината.

Имотот стекнат со средствата од местен самопридонес на граѓаните е сопственост на Општината.

**Член 131**

Општината води грижа за законско и правилно користење на добрата во општа употреба.

**Член 132**

Општината се финансира од сопствени извори на приходи, дотации на средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите и задолжување, во рамките и под услови утврдени со закон.

**Член 133**

Сопствени извори на приходи се :

1. Локални даноци утврдени со закон:
- данок на имот;
- данок на наследство и подарок;
- данок на промет на недвижности; и
- други локални даноци утврдени со закон.
2. Локални такси утврдени со закон:
- комунални такси;
- административни такси и
- други локални такси утврдени со закон.
3. Локални надоместоци утврдени со закон:
- надомест за уредување на градежно земјиште;
- надоместоци од комунална дејост;
- надоместоци од просторни и урбанистички планови и
- други локални надоместоци утврдени со закон.
4. Приходи од сопственост:
- приходи од закупнина:
- приходи од камати и
- приходи од продажба на имот со чија продажба не се нарушуваат јавните функции и надлежности на општината.
5. Приходи од донации;
6. Приходи од парични казни утврдени со закон;
7. Приходи од самопридонес и
8. Други приходи утврдени со закон.

**Член 134**

Општината во рамките на своите надлежности, самостојно располага со сопствените извори на приходи.

**Член 135**

Приходите и трошоците на Општината се утврдуваат со буџетот на Општината.

Буџетот на Општината содржи биланс на приходите и трошоците на буџетот, а се однесува за фискална година од 12 (дванаесет) месеци која почнува од 1 јануари, а завршува на 31 декември секоја календарска година.

**Член 136**

Предлогот на буџетот на Општината го утврдува Градоначалникот и го доставува до Советот на Општината за донесување не подоцна од средината на месец ноември.

Советот на Општината не може да го разгледува предлогот на буџетот на Општината пред истекот на 20 (дваесет) дена од денот на доставувањето до советниците на Советот на општината.

Буџетот и годишната сметка ги донесува советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 137**

За секоја промена на буџетот на општината, за дополнително усвоени трошоци пропратени со мерки што ќе ги зголемат предложените приходи или ќе ги намалат другите трошоци во сразмерен износ, одлука донесува Советот на Општината.

**Член 138**

За покривање на непредвидените барања за трошоци кои ќе се појават во текот на буџетската година, од вкупните тековни и капитални трошоци се издвојува буџетска резерва во висина утврдена со закон.

За користење на средствата од буџетската резерва одлучува советот на Општината по предлог на Градоначалникот на Општината.

Советот на Општината се одлука може да го овласти Градоначалникот за начинот на користење на буџетската резерва.

**Член 139**

Доколку буџетот на Општината за наредната година не биде донесен до 31 декември во тековната година, ќе се постапи согласно со законот за буџетите и се воведува времено финансирање и тоа најдолго за 6 (шест) месеци.

**Член 140**

На крајот на секоја фискална година се изготвува годишна сметка на буџетот на Општината.

Годишната сметка на буџетот, Советот на Општината треба да ја усвои најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната година.

**Член 141**

Извршувањето на буџетот на општината го врши градоначалникот на Општината, а поконкретно се уредува со одлуката за извршување на буџетот на Општината.

## IX.МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА

**Член 142**

Граѓаните во Општината одлучуваат и за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основааат согласно со овој Статут.

**Член 143**

Во Општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат:

- во градот- урбани заедници и
- во други населени места- месни заедници.

**Член 144**

Подрачјето за кое се основаат урбани заедници во градот се границите на урбаните единици утврдени со урбанистичкиот план на градот, а подрачјето на месните заедници во другите населени места се границите на катастарската општина на населените места.

**Член 145**

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните, жители за кои има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение на потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

Иницијативата за основање се доставува до Советот на Општината, кој ја разгледува и оценува дали се исполнети условите и основани потребите за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 146**

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува ако на собир на граѓани присуствуваат најмалку 10% од граѓаните кои живеат на подрачјето за кое се предлага основање на урбана, односно месна заедница.

Одлуката за основање е донесена ако за неа гласале мнозинството од присутните граѓани.

Доколку на собирот не присуствувале потребниот број на граѓани, предвидени во став 1 од овој член, се закажува нов собир на граѓани на кој полноважно ќе се расправа и одлучува со присутните на тој собир.

**Член 147**

Преку облиците на месната самоуправа, жителите во урбаните, односно месните заедници, во согласно со овој Статут и одлуката за основање, се грижат за:

- решавање на прашања од комунална инфраструктура за соодветното подрачје;
- изградба и одржување на објекти од јавен интерес ( водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во населените места;
- покренување иницијативи за уредување на просторот;
- покренување иницијативи и предлози до надлежните органи на Општината за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на жителите на тоа подрачје;
- организирање културни, спортски, забавни и други манифестации;
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и
- работата на жителите од тоа подрачје.

**Член 148**

Со цел за функционирање на обликот на месната самоуправа и непосредно задоволување на интересите на граѓаните, општината се грижи за обезбедување на просторни услови заради функционирање на месните канцеларии.

**Член 149**

Работите од член 144 на овој Статут се финансираат од:

- средства кои што Општината ќе им ги отстапи на облиците на месната самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат;

- средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- средства од надомест на услуга и
- подароци и други средства.

**Член 150**

Орган на облиците на месна самоуправа е совет на урбаната, односно месната заедница.

Советот е составен од 3 (три) до 7 (седум) члена.

Советот на урбаната, односно месната заедница се избира на собир на граѓани со јавно гласање, доколку собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Мандатот на членовите на советот трае 4 (четири) години.

**Член 151**

Одлука за распишување на избор на членови на советот на урбаната, односно месната заедница донесува советот во стариот состав, најдоцна 30 (триесет) дена пред истекот на мандатот.

Ако одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, одлука за распишување на избор на членови на советот донесува Градоначалникот на Општината во рок од 15 (петнаесет) дена.

**Член 152**

Постапка за предлагање, утврдување и избор на членови на советот на облиците на месната самоуправа поблиску се уредува со правилата за работа на обликот на месната самоуправа, кои ги донесува Советот на Општината.

**Член 153**

Предлагање и избор на кандидати за членови на советот на урбаната, односно месната заедница се врши на собир на граѓани, доколку присуствуваат најмалку 10% од граѓаните-избирачи, жители на урбаната, односно месната заедница.

**Член 154**

За избрани членови на советот се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство, односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

**Член 155**

Советот на урбаната, односно месната заедница, од редот на своите членови избира претседател, со мандат од 4 (четири) години. За претседател на советот на урбаната, односно месната заедница е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

Доколку кандидатот не добил потребен број на гласови, се пристапува кон втор круг на гласање за двајцата кандидати коишто во првиот круг добиле најголем број на гласови.

За претседател е избран членот на советот којшто во вториот круг на гласање добил повеќе гласови.

До изборот за претседател, советот на урбаната, односно месната заедница го свикува и со него раководи најстариот член на советот.

**Член 156**

Претседателот на советот на урбаната, односно месната заедница;

1. Ја претставува и застапува урбаната, односно месната заедница;
2. Ги свикува и раководи со седниците на советот на урбаната, односно месната заедница,
3. Се грижи за организацијата и работата на советот на урбаната, односно месната заедница;

**Член 157**

Советот на урбаната, односно месната заедница донесува правила за работа со кои се уредува работата на урбаната, односно месната заедница, како и програма за работа.

Советот на урбаната, односно месната заедница донесува:

- програма за развој;
- програма за комунална изградба;
- програма за комунално урбано опремување;
- програма за екологија;

Советот на урбаната, односно месната заедница учествува во постапките за донесување на годишни програми и други акти на Советот на Општината за прашања кои се од значење за урбаната односно месната заедница преку организирање на јавни расправи.

**Член 158**

Советот на урбаната, односно месната заедница е должен за прашања од значење за месната заедница да расправа на седница на совет, најмалку еднаш на три месеци.

Доколку советот на урбаната, односно месната заедница во рок од 6 месеци не свика седница, комисијата за месна самоуправа како работно тело на Советот на Општината покренува иницијатива за поведување на постапка за разрешување на претседателот и членовите на советот на урбаната, односно месната заедница.

По донесената иницијатива претседателот на советот на урбаната односно месната заедница е должен во рок од 15 дена да свика собир на граѓани.

Доколку не свика собир на граѓани во рокот предвиден во став 3 од овој член, Градоначалникот на Општината ќе свика собир на граѓани.

**Член 159**

Советот на урбаната, односно месната заедница е дожен за своето работење да го информира градоначалникот и комисијата за месна самоуправа најмалку еднаш на три месеци.

**Член 160**

Градоначалникот на Општината, со решение може да делегира вршење на определени работи од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, на претседателот на Советот на урбаната, односно месната заедница од обласнта на комуналната изградба, комунално опремување, хортикултурно уредување и заштита на животната средина.

Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста, а се обезбедуваат од буџетот на општината- преку потпрограма Д 1- месна самоуправа.

Со решението се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

**Член 161**

Општинската администрација ги врши стручните, административно- ехничките и сметководствено-финансиските работи на советот на урбаната, односно месната заедница.

Општината води евиденција на облиците на месната самоуправа основани на нејзино подрачје.

## X. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА

**Член 162**

Грбот и знамето на Општината се утврдуваат со Статутот на Општината.

Грбот и знамето се менуваат во постапка за изменување и дополнување на Статутот на Општината.

**Член 163**

Грбот и знамето на Општината може да се употребуваат по уписот во регистарот што го води Министерството за локална самоуправа.

**Член 164**

Грбот на Општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користат Советот и Градоначалникот на Општината.

Советот на Општината може да одобри употреба на грбот на Општината на физички и правни лица, ако оцени дека е во интерес на Општината.

**Член 165**

Знамето на Општината се истакнува на зградата на Општината и на видни места во Општината.

Знамето на Општината може да се истакнува и при меѓународни средби, натпревари и други собири на кои учествува или е презентирана Општината.

**Член 166**

Грбот и знамето на Општината не смеат да се употребуваат ако се оштетени или со својот изглед се неподобни за упореба.

## XI. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ОПШТИНАТА

**Член 167**

Иницијатива за оцена на уставноста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на министерствата и други органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на Општината утврдени со Уставот и законите, може да поднесат Советот и Градоначалникот на општината, до Уставниот суд на Република Македонија.

**Член 168**

Градоначалникот на Општината има право да бара судска заштита пред надлежните судови кога на Општината и се попречува вршење на дадените надлежности со Устав и закон, со акти и активности на органите на државната управа и на државната управа и на Владата на Република Македонија.

## XII. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА

**Член 169**

Измени и дополнувања на Статутот на општината можат да предложат најмалку 1/3 (една третина) од членовите на советот на општината, Градоначалникот на Општината или најмалку 10% од избирачите во Општината.

**Член 170**

Одлуката за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот донесува советот на Општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

**Член 171**

Измените и дополнувањата на статутот на општината се донесени ако за нив гласале мнозинство од членовите на советот.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 172**

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на општина Неготино (“ Службен гласник на општина Неготино”бр.6/2003).

**Член 173**

Измените на член 6 да се реализираат во рок од 2 (две) години од денот на влегување во сила на овој Статут.

Член 174

Член 73 став 6 да се реализира во рок од 30 (триесет) дена од денот на влегување во сила на овој статут.

Член 175

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Неготино”.